Повик за членување на претставници од граѓански организации во Совет на општина Кисела Вода за Партнерство за отворена локалнавласт 2024-2028

Општина Кисела Вода повикува граѓански организации да се пријават на Повик за членување на претставници од граѓански организации во Совет на општина Кисела Вода за Партнерство за отворена локална власт 2024-2028. Совет се формира за да се поддржи транспарентноста и отвореноста на општината, како и учеството на граѓански организации во разработка и заложбите на општината како дел од Партнерството на отворена локална власт „зголемување на транспаретноста“ и „подобрување на дигиталната учество на граѓаните“.

Партнерството за отворена власт (ПОВ) е глобална мрежа која вклучува 76 национални, над 100-тина локални самоуправи и илјадници граѓански организации. Преку ПОВ, членките работат заедно на заедничко дефинирање на заеднички заложби и акциски планови во голем број на области во кои директно им се подобрува животот на граѓаните. Досега, преку ПОВ на глобано ниво се направени повеќе од четири илјади заложби.

Во 2024 година општина Кисела Вода стана членка на Партнерството за отворена локална власт (ПОВ Локал) со заложби за зголемување на транспаретноста и подобрување на дигитално учество на граѓаните. Општина Кисела Вода е единствена општина од Република Македонија која е членка на Партнерството за отворена локална власт.

Со цел разработување на овие заложби и изготвување на акциски план за нивна реализација, општина Кисела Вода објавува „Повик за членување на претставници од граѓански организации во Совет на општина Кисела Вода за Партнерство за отворена локална власт 2024-2028“.

Со овој повик се покануваат сите заинтересирани граѓански организации формирани согласно Законот за здруженија и фондации („Службен весник на Република  Македонија“ бр. 52/10, 135/11 55/16 и („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 239/22) да се пријават преку доставување на пополнета пријава и потребните документи со кои се докажува исполнувањето на критериумите.

На овој повик ќе бидат примени 6 (шест) члена за периодот од 2024 до 2028 година.

Пријавувањето за членство во Совет на општина Кисела Вода за Партнерство за отворена локална власт 2024-2028 ќе се одвива преку доставување на пополнета пријава и потребните документи  по пошта на адреса Општина Кисела Вода ул. "Петар Дељан" бр.17, или во архивата на општината со назнака - "Повик за членување на претставници од граѓански организации во Совет на општина Кисела Вода за Партнерство за отворена локална власт 2024-2028". Рокот за поднесување на пријавите е 05 август (понеделник).

Членувањето во Советот е доброволно и без надомест. Работата на Советот се одвива на територија на општина Кисела Вода и град Скопје.

Доколку имате дополнителни прашања контактирајте ја: Ангела Тасева angela.taseva@kiselavoda.gov.mk

Отворениот повик се објавува на веб страницата: opstinakiselavoda.gov.mk

## ПРИЈАВА ЗА ЧЛЕНУВАЊЕ НА ПРЕТСТАВНИЦИ ОД ГРАЃАНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ ЛИЦА ВО СОВЕТ НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА ЗА ПАРТНЕРСТВО ЗА ОТВОРЕНА ЛОКАЛНА ВЛАСТ 2024-2028

### I Податоци за организацијата:

**Назив на организацијата**: ……………………………………………………………………..

Скратен назив: ………………………………………………

Адреса/општина: ……………………………………………………………………………

Контакт информации (телефон, е-адреса):
………………………………………………………………………

Веб-страница: …………………………………………

### II Претставници на вашата организација во Совет на општина Кисела Вода за Партнерство за отворена локална власт 2024-2028

**Претставник/претставничка на организацијата во Совет на општина Кисела Вода за Партнерство за отворена локална власт 2024-2028**

Име и презиме: ……………………………………………………………….

Позиција: ……………………………………………………………….____

Телефон: ……………………………………………………………….

Е-пошта: …………………………………………………………………

**Која е вашата мотивација за членство во Совет на општина Кисела Вода за Партнерство за отворена локална власт 2024-2028?**

(до 200 збора)

**Кои се вашите квалификации за да дадете придонес за зголемување на отвореноста на општина Кисела Вода и членството во глобалната мрежа Партнерство за отворена власт?**

(до 200 збора)

…………………………………………………………………………………

**Заменик претставник/претставничка на организацијата во Совет на општина Кисела Вода за Партнерство за отворена локална власт 2024-2028**

Име и презиме: …………………………………………………………………

Позиција: …………………………………………………………………____

Телефон: …………………………………………………………………

Е-пошта: …………………………………………………………………

**Која е вашата мотивација за членство во Совет на општина Кисела Вода за Партнерство за отворена локална власт 2024-2028?**

(до 200 збора)

**Кои се вашите квалификации за да дадете придонес за зголемување на отвореноста на општина Кисела Вода и членството во глобалната мрежа Партнерство за отворена власт?**

(до 200 збора)

…………………………………………………………………………………

## III Критериуми за членство

☐ Организацијата изразува интерес за учество во Советот за ПОВ;

☐ Организацијата е формален субјект регистриран во земјата согласно Законот за здруженија и фондации, на …………………………………… (датум на регистрација);

☐ Организацијата ја поддржува Декларацијата за Партнерство за отворена власт;

☐ Организацијата ги споделува основните вредности на Партнерство за отворена власт:

- партиципативност
- отвореност и
- отчетност

## Области на делување на организацијата

Организацијата активно работи во следните области:
……………………………………

**Кандидатите за членови и заменици на Советот кои ги претставуваат граѓанските организации треба да**:

се дел од организација која е регистрирана согласно Законот за здруженија и фондации („Службен весник на Република Македонија“ бр. 52/10, 135/11 55/16 и („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 239/22) најмалку две години, а која делувала најмалку две години во барем една од областите кои се дел од заложбите во Декларацијата на Партнерството за отворена власт:

не се членови на органи на политичка партија;

не се избрани или именувани лица, и

не се вработени во институциите на државната власт.

***Потребни документи со кои се докажува исполнувањето на критериумите и кои треба да бидат доставени заедно со пријавата за *членство во* Совет на *општина Кисела Вода за Партнерство за отворена локална власт 2024-2028:***

- Тековна состојба на граѓанската организација (не постара од 6 месеци);
- Статут на граѓанската организација;
- Кратка биографија/ЦВ на кандидатите за членови и заменици на Советот за ПОВ;
- Изјава од кандидатите за членови и заменици на Советот за ПОВ дека не се членови на органи на политичка партија, не се избрани или именувани лица и не се вработени во институциите на државната власт (нацрт изјава е достапна на во прилог на овој Повик).

Место, дд.мм.ггг

ИЗЈАВА

Јас, ___________________________________ (име и презиме), под морална, материјална и кривична одговорност, изјавувам дека не сум член на органи на политичка партија, не сум избрано или именувано лице и не сум вработена во институциите на државната власт.

Изјавила

Име и презиме

Потпис